# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

БРОЈ 11 | КОЧАНИ, 17 септември 2025 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА


Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), в.д. Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на акт донесен на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 27.08.2025 година

I.

Го објавувам актот донесен на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 27.08.2025 година, чие објавување беше запрено со Решение за запирање на објавувањето на Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година,Бр.08-1349/1 од 03.09.2025 година,од страна на в.д.Градоначалникот на Општина Кочани и тоа:

Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година, Бр.09- 1326/1 од 27.08.2025 година.

II.

Ги објавувам и

1. Одлука за доделување Награда на Општина Кочани за значајни остварувања за развојот на Општина Кочани Одлука, Бр.30-1175/9 од 26.08.2025 година и

2. Одлука за доделување Награда на Општина Кочани за животно дело, Бр.30-1175/10 од 26.08.2025 година.

III.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.08- 1382/1
17. 09.2025 година
К о ч а н и

в.д. Градоначалник
на Општина Кочани
Венко Крстевски

Врз основа на членот 53 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020, 229/2020, 3/2025 И 74/2025), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.08.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година

I

Се усвојуваат барањата на општинските основни училишта за формирање паралелки со помал број на ученици и се дава согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година и

II

Составен дел на овој Заклучок се:

Преглед бр. I – Паралелки со помал број ученици во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ с. Оризари – Кочани, за учебната 2025-2026 година

Преглед бр. II – Паралелки со помал број ученици во ОУ „Никола Карев“- Кочани, за учебната 2025-2026 година

Преглед бр. III – Паралелки со помал број ученици во ОУ„Св.Кирил и Методиј“ – Кочани, за учебната 2025-2026 година

Преглед бр. IV – Паралелки со помал број ученици во ОУ „Раде Кратовче“ –Кочани, за учебната 2025-2026 година

Преглед бр.V – Паралелки со помал број ученици во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани, за учебната 2025-2026 година

Преглед бр.VI – Паралелки со помал број ученици ( и комбинирани),во ОМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани за учебната 2025-2026 година

Преглед бр.VII – Паралелки со помал број ученици во СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани за учебната 2025-2026 година

Преглед бр.VIII – Паралелки со помал број ученици во СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани за учебната 2025-2026 година

ПРЕГЛЕД БР.1 Вкупен број на ученици и паралелки со помал број на ученици во ООУ „ Крсте Петков Мисирков“ - Оризари,Кочани за учебната 2025-2026 година

ПРЕГЛЕД БР.1а Вкупен број на ученици и паралелки со помал број на ученици по одделенија во ООУ и ПУ за учебната 2025/2026 година

| ООУ,,Крсте П. Мисирков” Оризари | I-одд | | II-одд | | III-одд | | IV-одд | | V-одд | | Вкупно од I – V одд | | VI - одд | | VII - одд | | VIII-одд | | IX-одд | | Вкупно од VI-IX одд | | Вкупно I – IX одд | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина Кочани | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| Основно училиште | 21 | 2 | 13 | 2 | 19 | 2 | 24 | 2 | 24 | 2 | 101 | 10 | 21 | 2 | 14 | 2 | 16 | 2 | 24 | 2 | 75 | 8 | 176 | 18 |
| Подрачно училиште Прибачево | 1 | 1 | / | / | 2 | 1 | 2 | 1 | / | / | 5 | 1 | | | | | | | | | | | 5 | 1 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 181 | 19 |

Директор

Преглед бр. II на паралелки со помал број на ученици за ООУ„Никола Карев“ - Кочани за учебната 2025-2026 година

| ООУ "Никола Карев" Кочани | I - одд. | | II - одд. | | III - одд. | | IV - одд. | | V - одд. | | **Вкупно I-V одд.** | | VI | | VII - одд. | | VIII - одд | | IX - одд. | | **Вкупно VI-IX одд.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **општина Кочани** | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| **основно училиште** | 52 | 3 | 75 | 3 | 62 | 3 | 39 | 2 | 43 | 2 | **271** | **13** | 55 | 4 | 53 | 3 | 48 | 3 | 39 | 3 | **195** | **13** |
| **ПУ с.Грдовци** | 2 | 1 | 1 | 1 | 6 | 1 | 2 | 1 | 4 | 1 | **15** | 5 | | | | | | | | | | |
| **ПУ с.Тркање** | 5 | 1 | 4 | 1 | 1 | 1 | 5 | 1 | 9 | 1 | 24 | 5 | | | | | | | | | | |
| **вкупно** | 59 | 5 | 80 | 5 | 69 | 5 | 44 | 4 | 58 | 4 | **310** | **23** | 55 | 4 | 53 | 3 | 48 | 3 | 39 | 3 | **195** | **13** |
| **продолжен престој од И - ИИИ одд.** | 29 | 1 | 16 | 1 | 14 | 0 | | | | | | | | | | | | | | | | |

Забалешка Учениците од 1,2 и 3 одделение се организирани во продолжен престој во 2 паралелки

Преглед бр III на паралелки со помал број на ученици за ООУ„Св.Кирил и Методиј“-Кочани за учебната 2025-2026 година

| Одделение | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Комбинирана Паралелка -1 | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I (прво) | 1-1 | 22 | 1-2 | 20 | 1-3 | 20 | 1-4 | 20 | 1-5 | 6 | I-6,II-6,III-6 (во прво) | 1 |
| II(второ) | 2-1 | 15 | 2-2 | 15 | 2-3 | 17 | 2-4 | 21 | 2-5 | 12 | I-6,II-6,III-6 (во второ) | 1 |
| III(трето) | 3-1 | 19 | 3-2 | 21 | 3-3 | 23 | 3-4 | 19 | 3-5 | / | I-6,II-6,III-6 (во трето) | 3 |
| IV(четврто) | 4-1 | 30 | 4-2 | 28 | 4-3 | 27 | 4-4 | 28 | 4-5 | 9 | IV-6,V-6 (во четврто) | 2 |
| V (петто) | 5-1 | 19 | 5-2 | 24 | 5-3 | 19 | 5-4 | 23 | 5-5 | 9 | IV-6,V-6 (во петто) | 3 |
| VI(шесто) | 6-1 | 17 | 6-2 | 17 | 6-3 | 20 | 6-4 | 20 | 6-5 | 9 | / | / |
| VII(седмо) | 7-1 | 25 | 7-2 | 27 | 7-3 | 25 | 7-4 | 16 | 7-5 | 4 | / | / |
| VIII(осмо) | 8-1 | 30 | 8-2 | 30 | 8-3 | 30 | 8-4 | 30 | 8-5 | 16 | / | / |
| IX(деветто) | 9-1 | 22 | 9-2 | 23 | 9-3 | 17 | 9-4 | 19 | 9-5 | 12 | / | / |

Преглед бр. IV – Паралелки со помал број ученици во ООУ „Раде Кратовче“ –Кочани, за учебната 2025-2026 година

| ООУ „Раде Кратовче“ | I - одд. | | II - одд. | | III - одд. | | IV - одд. | | V - одд. | | **Вкупно I-V одд.** | | VI | | VII - одд. | | VIII - одд | | IX - одд. | | **Вкупно VI-IX одд.** | | **ВКУПНО I-IXодд.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина Кочани** | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| **ООУ„Раде Кратовче“** | **27** | **3** | **41** | **2** | **42** | **2** | **44** | **2** | **49** | **3** | **203** | **12** | **55** | **3** | **49** | **3** | **42** | **3** | **38** | **3** | **184** | **12** | **387** | **24** |
| **ПУ с. Нивичани** | **/** | **/** | **1** | **1** | **/** | **/** | **1** | **/** | **2** | **1** | **4** | **1 чиста и 1 комби-нирана** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4** | **2** |
| | **27** | **3** | **42** | **3** | **42** | **2** | **45** | **2** | **51** | **4** | **207** | **14** | **55** | **3** | **49** | **3** | **42** | **3** | **38** | **3** | **184** | **12** | **391** | **26** |

Преглед бр.V – Паралелки со помал број ученици во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани, за учебната 2025-2026 година

| | I - одд. | | II - одд. | | III - одд. | | IV - одд. | | V - одд. | | **Вкупно I-V одд.** | | VI | | VII - одд. | | VIII - одд | | IX - одд. | | **Вкупно VI-IX одд.** | | **ВКУПНО I-IXодд.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина Кочани** | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| **ООУ„Малин а Попиванова** | **40+ 5** | **3** | **63** | **3** | **48** | **2** | **63** | **3** | **54** | **3** | **268+ 5** | **14** | **46** | **3** | **55** | **4** | **46** | **3** | **36** | **3** | **183** | **13** | **451+ 5** | **27** |
| **ПОП** | | | | | | | | | | | | | | | | | **1** | | **2** | | | | **3** | **1** |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Преглед бр VI на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за ООМУ-„Ристо Јуруков“ Кочани за учебната 2025-2026 година

**Преглед на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за ООМУ „Ристо Јуруков“ Кочани за учебната 2025/2026 година**

**Паралелки со помал број на ученици**

| Одд | Паралелка | Број на ученици |
|---|---|---|
| ДЕВЕТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ | | |
| I | | |
| II | | |
| III | | |
| IV | | |
| V | | |
| VI | Б | 6 |
| VII | | |
| VIII | Б | 4 |
| IX | | 3 |

| Одд | Паралелка | Број на ученици |
|---|---|---|
| ШЕСТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ | | |
| I | | |
| II | | 4 |
| III | | 3 |
| IV | | |
| V | | |
| VI | | 3 |

**Комбинирани паралелки**

| ДЕВЕТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ | | |
|---|---|---|
| | Одд | Број на ученици |

| ШЕСТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ | | |
|---|---|---|
| | Одд | Број на ученици |

**Забелешка: Групната настава во основното музичкио образование се изведува во групи од 8 до 15 ученика.**

Директор,
Марија Лазарова

03-225/1
01.08.25

Забелешка: Групната настава во основното музичкио образование се изведува во групи од 8 до 15 ученика.

III

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на позитивно мислење од Министерството за образование и наука и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр. 09-1326/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 9, а во врска со членот 5 од Одлуката за наградите на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани"бр.9/2010, 6/2018 и 05/2019), Одборот за доделување награди на Општината Кочани на седницата одржана на 26.08.2025 година, донесе

ОДЛУКА

за доделување Награда на Општина Кочани за значајни остварувања за развојот на Општина Кочани

Член 1

Во знак на признание за придонесот во развојот на Општина Кочани, на Граѓанската иницијатива Support Kocani и се доделува Награда на Општината Кочани за значајни остварувања за развојот на Општината Кочани.

Образложение:

Граѓанската иницијатива Support Kocani се роди во најтешките мигови за нашиот град, веднаш по трагичниот настан на 16 март 2025 година. Она што започна како обид за помош и поддршка на повредените и нивните семејства, прерасна во симбол на солидарност, човечност и обединување. Со несебична посветеност и искрена хуманост, Support Kocani успеа да ја мобилизира целата заедница – граѓани, компании, организации и наши сограѓани од дијаспората – кои заедно докажаа дека Кочани има срце што чука како едно. Резултатите зборуваат сами за себе:

- над 600.000 евра директна финансиска помош за најтешко погодените семејства;
- обезбедени три пратки компресивна облека (1-ва пратка компресивна облека: 923.458 2-ра пратка компресивна облека: 283.802 3-та пратка компресивна облека: 2.193.047денари), вкупно повеќе од 3,4 милиони денари, со што веќе им се помага на повеќе од стотина повредени лица;
- донирана хипербарична комора, специјализирани медицински сетови и препарати на Општата болница со проширена дејност - Кочани
- Обезбеден сертифициран тренинг за користење на хипербарната комора за 2 лица во Мадрид, Шпанија
- Донирани 100 ПРП Китови и 10 Exomine Smart Китови на барање на универзитетската клиника за пластична хирургија - Скопје во вредност од 267.000 денари, 8 пакувања додатоци на исхрана -протеини и аминокиселни во вредност од 19.120 денари, сет креми за третман и подобрување на кожа во вредност од 53.428 денари, 407 кутии со 4070 силиконски лепенки за рани - донација од компанија од Словенија, повеќе од 1000 лепенки Cica Care донации од хумани граѓани, кои беа доставени до засегнатите од пожарот. 113 вредносни ваучери - во вредност од 20.000 евра - донација од Пакет Маркет
- Опремена соба за физикална терапија во Општата Болница во Кочани
- подобрени услови во нашата болница – од клима-уреди до опремена

просторија за физикална терапија;
• обезбедена донација од А1 Македонија - целосно опремен Младински центар „Супортко", кој ќе биде место за поддршка, едукација и надеж. Креиран целосно дигитализиран електронски систем за пријавување на проблеми, неправилности, како и предлози за подобрување на животот во општината. Од страна на Support Kocani беа поддржани бројни културни, спортски, уметнички и други иницијативи низ повеќе градови низ Македонија Организирани беа многубројни средби и работилници со професионалци за психосоцијална поддршка и помош на сите засегнати граѓани од трагедијата во Кочани. Support Kocani беа домаќини на многубројни делегации, амбасади, како и претставници на повеќе интернационални организации. Но, над сите бројки и факти, најважно е што оваа иницијатива покажа дека Кочани е град на солидарноста. Дека знаеме да сочувствуваме, да си помагаме и да останеме заедно и во најтешките денови. Затоа денес, со особена чест и гордост предлагаме Општина Кочани да ја додели Наградата за значајни остварувања за развојот на општината на иницијативата Support Kocani. Ова признание ќе биде благодарност за сѐ што досега направија, но и поттик да продолжат. Кочани нека памети – кога беше најтешко, тие беа тука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр. 30-1175/9
26.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 9, а во врска со членот 4 од Одлуката за наградите на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.09/2010, 6/2018 и 05/2019) Одборот за доделување награди на Општината Кочани на седницата одржана на 26.08.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување Награда на Општина Кочани за животно дело

Член 1

Постхумно, на Трајче Ѓорѓиев му се доделува Награда на Општина Кочани за животно дело.

Образложение:

Трајче Ѓорѓиев, актер, во театарскиот живот на Кочани има оставено неизбришливи траги уште како аматер, подоцна и како професионалец во театарската уметност. Тој е и драмски режисер. Особено е ангажиран во пантомимата.

Пет негови претстави се добитници на Гран при наградата, највисокото признание што го доделува Драмскиот аматерски фестивал на Македонија.

Основач е и главен двигател на ПАНФИЗ, меѓународен фестивал за пантомима и физички театар.

Името на Трајче Ѓоргиев е познато, реномирано и почитувано во тетарскат и филмската дејност во Македонија и надвор од неа.

Роден е во Кочани на 28 јули 1967 година. Почина во Скопје на 3 јуни 2023 – та.

Основно и средно образование (Гимназија) Ѓоргиев заврши воКочани. Дипломира на Факултетот за драмски уметности, Скопје, на отсекот за актерска игра, во класата на проф. Љубиша Георгиевски, во 1991 г. Дел е од Македонскиот народен театар повеќе од триесет години – започнувајќи од првата улога како Акаст во „Мизантроп" (1989), преку вработувањето во 1998 г. до големиот

број на оддиграни улоги. Во 2005 година ја режира и игра во петте пантомими за една глумечка претстава „Човекот” од Марсел Марсо и со неа се стекнува со титулата магистер по пантомима, на Академијата за театар и филм „НАТФИЗ” во Софија, Бугарија. Дел е и од „Театар за пантомима“, летна школа на Кенјон колец, Гамбир, Охајо, 2008 г., а посетува и едногодишни специјалистички студии по пантомима во класата на проф. д-р Александар Илиев, на „НАТФИЗ“, 2005 – 2006 г.

Основач е и главен двигател на ПАНФИЗ, меѓународниот фестивал за пантомима и физички театар, фестивал кој 16 години опстојува, ја анимира публиката, го поддржува и одржува овој жанр во театарската уметност и ги донесе кај нас некои од најдобрите светски пантомимичари.

Трајче Ѓоргиев ќе изјави: „Јас се трудев преку формата да се дојде до суштината ... за мене лично формата како почетно зрно на креирање една улога, нека е и најкратка што може да биде, е еден пат, еден начин да се дојде до суштината.“ Тоа е таа суштина, таа креација, тоа зрно кое го донесе и носеше во себе: дали во форма на кажан збор, движење или режија. Тоа е она што ќе остане зад него како вечен спомен и пример.

Тој е и ќе остане нашиот Густав во „Надвор од умот“ (1991), Пандар во „Троил и Кресида“ (1993), Ивковиќ во „Народен пратеник“ (1993), Чинели во „Јануари“ (1994), Спасе во „МКС“ (1995), Етјен во „Кројач за дами“ (1996), Сапорта Робесвјер во „Мисија“ (1998), Благоја Ќелавиот во „Немушт јазик“ (2000), Виргински во „Демони“ (2001), Силјан во „Писание“ (2002), Доктор Финаш во „Болва в уво“ (2007), Тетин Јаков во „Госпоѓа министерка“ (2009), Бу змијата во „Самовилско јајце“ (2011), Комесарот во „Подемот и падот на кабарето“ (2013), Фридрих Ниче во „Аферата Елсињор“ (2014), Степан Богданович Лиходеев во „Мајсторот и Маргарита“ (2015), Јанушек во „Прекината одисеја“ (2016), Бил Остин во „MAMMA MIA!“ (2017) и Докторот во „Бесачи“ (2019).

Настапува и во повеќе претстави за деца, кои се играле насекаде низ Македонија, па и таму каде што сѐ уште не дошол театар, и за него тоа претставува една благородна мисија во воспитувањето и културното образование на децата. Но, не само на сцената, тој и зад сцената создаваше театарската естетика и приказна.

Театарски и видео режисер е од 1991 година, претежно како предводник на театарското студио во Центарот за Култура „Бели мугри“ во Кочани. Како режисер се потпишува на претстави работени кај нас, но и во Србија и Словенија, меѓу кои: „Кралот Иби“ (1991), „Том Соер“ (1992), „Јане Задрогаз“ (1994 и 1999), „Емигранти“ (1995), „Настојник“ (1996), „Убавицата и ѕверот“ и „Домот на Бернарда Алба“ (1998 и 2009), „Горски музиканти“ (2003), „Улица“ (2004), „Раце за пријателство“ и „Зимска бајка“ (2005), „Ромео и Џулиета“ (2006), „Без зборови“ (2011 - 2012), „Љубов“ (2012) и „Омнибус плус“ (2013). Во МНТ, во 2004 година ја режира претставата „Домарот“, а потоа и „Вишновата градина“ во 2010 и последната „Најкратки драми на светот“ во 2019 година. Режира и неколку комерцијални и музички видео спотови како и на три видео записи за невладината организација „Потрага по заедничка основа“; документарно-образовната серија во три епизоди „Азбука на пантомимата“ во 2003 година, како и документарниот филм „Осогово, луѓе, села“ во 2008-2009 г.

За својата долгогодишна и исполнета кариера добитник е на Гран при за најдобра претстава и најдобра режија на ДАФ, Кочани за претставата „Кралот Иби“ во 1991 г., Гран при на ДАФ, Кочани, за претставите „Настојник“ во 1996 г., „Домот на Бернарда Алба“ во 1998 г., „Јане Задрогаз“ во 1999 г. и „Најкратки драми на светот“ во 2003 г.

Во 2006 година е добитник на две големи награди за претставата „Човекот“ - награда за најдобра сценска игра на фестивалот „Златен рис“ во Бања Лука и

наградата на директорите на фестивалот на Меѓународниот фестивал во Габрово, Бугарија.
Не остана само театарската сцена празна за харизматичниот и карактеристичен лик на Трајче Ѓорѓиев. Остана и телевизиското и филмско платно празно. Остана неговиот глас во надсинхонизациите и неговите улоги во серии, филмови и радиодрами да сведочат за овој голем актер: „Бумбари“ (1989), „Еурека“ (1991 - 1994), „Совенски Орфеј“ (1992), „Прекалени“ (1994), „Во светот на бајките“ (1997), „Македонски народни приказни“ (1996 – 1997, 2010), „Погрешно време“ (2000 - 2001), „Чекор пред времето“ (2003), „Големата вода“ (2004), „Обични луѓе“ (2005), „Нави“ (2006) „Турни ме да кинисам“ (2011) „Тврдокорни“ (2013), „Инсајдер“ (2017) и други.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 30-1175/10
26.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

# СОДРЖИНА

1. Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година, Бр.09- 1326/1 од 27.08.2025 година. Стр.2

2. Одлука за доделување Награда на Општина Кочани за значајни остварувања за развојот на Општина Кочани Одлука, Бр.30-1175/9 од 26.08.2025 година и Стр.9

3. Одлука за доделување Награда на Општина Кочани за животно дело, Бр.30-1175/10 од 26.08.2025 година. Стр.10